**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 септември 2021 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: август 2021 година

– **Паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])**, во август 2021 година, се зголеми за 1,6% во споредба со претходниот месец. Нагорната промена главно е резултат на повисоките депозитни пари, при остварен помал раст и кај краткорочните депозити и долгорочните депозити до две години, додека готовите пари во оптек бележат пад. На годишна основа, паричната маса бележи раст за 11,5%, во најголем дел под влијание на растот на депозитните пари и краткорочните депозити, во услови на помал раст и кај останатите компоненти.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[3,4] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 7.2021 | 8.2021 | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 7.2021 | 8.2021 | 7.2021 | 8.2021 |
| **Парична маса М4** | **455,834** | **468,912** | **469,050** | **486,989** | **504,486** | **511,012** | **8.9** | **9.8** | **6.9** | **6.9** | **7.1** | **9.6** | **0.9** | **1.3** |
| **Парична маса М3** | **403,714** | **416,935** | **418,556** | **436,231** | **456,413** | **463,835** | **8.3** | **9.7** | **7.6** | **8.0** | **8.7** | **11.5** | **1.1** | **1.6** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 37,891 | 41,125 | 41,667 | 43,701 | 46,267 | 44,533 | 21.3 | 26.3 | 24.9 | 21.0 | 10.0 | 6.8 | 6.1 | -3.7 |
| **Вкупни депозити** | **409,200** | **418,916** | **418,644** | **434,915** | **448,933** | **456,972** | **8.3** | **8.4** | **6.1** | **5.9** | **6.8** | **9.9** | **0.4** | **1.8** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 108,138 | 110,550 | 112,505 | 123,212 | 128,538 | 133,730 | 12.5 | 11.2 | 8.0 | 10.1 | 17.1 | 20.2 | -0.3 | 4.0 |
| *Во денари* | 75,876 | 77,609 | 79,641 | 86,323 | 87,026 | 91,014 | 13.8 | 9.3 | 5.4 | 5.4 | 13.8 | 17.2 | -2.2 | 4.6 |
| *Во странска валута* | 32,261 | 32,941 | 32,865 | 36,889 | 41,512 | 42,716 | 9.5 | 15.9 | 14.9 | 22.8 | 24.6 | 27.0 | 3.8 | 2.9 |
| Домаќинства | 275,574 | 280,512 | 278,469 | 285,216 | 293,601 | 296,352 | 8.6 | 8.7 | 6.1 | 4.6 | 4.3 | 7.4 | 0.4 | 0.9 |
| *Во денари* | 147,532 | 149,204 | 145,806 | 150,991 | 152,982 | 154,404 | 11.9 | 10.1 | 6.2 | 3.3 | 2.6 | 7.3 | 0.3 | 0.9 |
| *Во странска валута* | 128,042 | 131,309 | 132,663 | 134,225 | 140,619 | 141,948 | 5.1 | 7.1 | 6.0 | 6.2 | 6.2 | 7.6 | 0.6 | 0.9 |
| **Вкупни кредити** | **343,702** | **352,718** | **352,824** | **357,296** | **373,561** | **372,470** | **5.8** | **6.6** | **7.3** | **4.7** | **5.2** | **6.4** | **0.7** | **-0.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 167,654 | 172,978 | 168,086 | 169,826 | 176,577 | 175,087 | 1.8 | 4.6 | 5.2 | 1.1 | 2.0 | 4.5 | 0.9 | -0.8 |
| *Во денари* | 103,597 | 106,688 | 101,925 | 102,688 | 107,196 | 106,926 | 0.4 | 3.3 | 2.7 | -0.9 | -0.1 | 5.4 | 0.3 | -0.3 |
| *Во странска валута* | 64,057 | 66,290 | 66,161 | 67,138 | 69,381 | 68,162 | 4.0 | 6.9 | 9.3 | 4.3 | 5.6 | 3.0 | 1.7 | -1.8 |
| Домаќинства | 174,634 | 178,384 | 183,431 | 185,814 | 195,123 | 195,512 | 10.1 | 8.8 | 9.5 | 8.0 | 8.0 | 7.9 | 0.6 | 0.2 |
| *Во денари* | 96,643 | 99,469 | 103,939 | 105,049 | 110,355 | 110,523 | 8.8 | 8.7 | 12.0 | 10.5 | 9.0 | 8.0 | 0.8 | 0.2 |
| *Во странска валута* | 77,990 | 78,916 | 79,492 | 80,765 | 84,767 | 84,989 | 11.9 | 8.9 | 6.4 | 5.0 | 6.7 | 7.7 | 0.4 | 0.3 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

[4] Податоците за монетарните агрегати, како и вкупните депозити и кредити заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

- **Вкупните депозити**[5], во август, остварија раст од 1,8% и 9,9% на месечно и годишно ниво, соодветно. Растот на депозитите е резултат на повисоките депозити кај двата сектора, со поизразено учество во месечниот и годишниот раст на депозитите на корпоративниот сектор.

- Во август, **вкупните кредити**[6] се намалени за 0,3% на месечна основа, во целост како резултат на падот кај кредитите на корпоративниот сектор. Анализирано на годишна основа, вкупните кредити се повисоки за 6,4%, под влијание на растот на кредитите кај двата сектора, со поголем придонес на секторот „домаќинства“.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ.

[5] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.
[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1. јули 2019 година со што ефектот од споредбената основа се исцрпи во јули 2020 година. Оттука, разликите во годишните стапки на промена на кредитите со и без ефектот од извршените отписи се незначителни, поради што од августовското соопштение натаму овие споредби се прекинуваат.
[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

- Во август, вкупните **депозити на корпоративниот сектор,** бележат раст за 4,0% на месечна основа, како резултат на растот на сите компоненти, кој е најизразен кај депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута. На годишна основа, вкупните депозити на корпоративниот сектор бележат зголемување за 20,2%, коешто во најголем дел се должи на повисоките депозитни пари и краткорочните и долгорочните депозити во странска валута, при пад на краткорочните депозити во денари.

- **Кредитите на корпоративниот сектор**[8], овој месец, се намалени за 0,8% на месечна основа, пред сè поради падот на кредитите одобрени во странска валута, при помало влијание и на падот на кредитите во денари. Споредено на годишна основа, кај овие кредити е забележан раст од 4,5%, којшто во поголем дел се должи на кредитите одобрени во денари.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРСМ.

[8] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
[9] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

- Кај вкупните **депозити на домаќинствата,** во август, е забележан месечен раст од 0,9%, којшто во целост се должи на зголемените депозитни пари и краткорочните депозити во странска валута, при остварен пад кај останатите компоненти. Во споредба со истиот месец претходната година, овие депозити се повисоки за 7,4%, под влијание на растот кај депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута и во денари, додека долгорочните депозити во денари и во странска валута бележат пад.

- Во август, **кредитите на домаќинствата** се зголемени за 0,2%, како резултат на растот на кредитите во денари и странска валута, којшто е малку поизразен кај кредитите во странска валута. Годишниот раст изнесува 7,9% и се должи на зголемените кредити одобрени во двете валути, со поголем придонес на кредитите во денари.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 7.2021 | 8.2021 | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 7.2021 | 8.2021 | 7.2021 | 8.2021 |
| Потрошувачки кредити | 93,440 | 94,982 | 97,850 | 98,772 | 103,324 | 103,315 | 13.5 | 10.0 | 9.9 | 6.9 | 7.4 | 6.9 | 0.8 | 0.0 |
| Станбени кредити | 52,959 | 54,392 | 55,985 | 58,306 | 63,651 | 64,064 | 13.9 | 13.8 | 14.0 | 13.6 | 15.1 | 16.2 | 2.0 | 0.6 |
| Автомобилски кредити | 306 | 292 | 291 | 282 | 239 | 236 | -4.1 | -8.6 | -7.9 | -10.9 | -17.3 | -17.5 | -1.5 | -1.1 |
| Кредитни картички | 11,570 | 11,508 | 11,649 | 11,205 | 10,465 | 10,426 | -4.5 | -4.2 | -2.6 | -6.1 | -9.5 | -9.9 | -0.2 | -0.4 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,499 | 6,205 | 6,280 | 5,818 | 6,273 | 6,258 | -4.8 | -9.4 | -10.8 | -5.0 | 4.2 | 1.8 | -2.3 | -0.2 |
| Други кредити | 3,969 | 3,946 | 3,912 | 3,871 | 2,899 | 2,866 | -6.7 | -6.4 | -6.7 | -6.0 | -26.3 | -27.1 | -21.4 | -1.1 |

Извор: НБРСМ.

– Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, во август, **потрошувачките кредити**, како една од најзастапените категории, се непроменети на месечна основа, додека на годишна основа се повисоки за 6,9%. **Станбените кредити** се зголемени за 0,6% и 16,2% на месечна и годишна основа, соодветно. Овој месец, кај **автомобилските кредити** е забележан месечен и годишен пад за 1,1% и 17,5%, соодветно, додека кредитите одобрени на **кредитни картички** се намалени за 0,4% и 9,9%, на месечна и годишна основа, соодветно. **Негативните салда на тековните сметки,** во август, се пониски за 0,2% на месечно ниво, при годишен раст од 1,8%, додека кредитите одобрени врз **други основи** бележат месечен и годишен пад од 1,1% и 27,1%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 октомври 2021 година (референтен пресек заклучно со септември 2021).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).